

# КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

www.prilepskapivarnica.com.mk

ОКТОМВРИ 2020

# КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Почитувани колеги,

Чест ми е од името на Управниот одбор на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп да Ви го претставам Кодексот на професионално и етичко однесување.

Нашиот Кодекс е водич со етички и правни принципи за водењето на работата во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. Наша определба е континуирано да вложуваме во нашата култура на интегритет и да градиме доверба со нашите вработени, купувачи, потрошувачи, инвеститори и заедницата.

Подигнувањето на нашите конкурентни предности и долгорочниот раст на компанијата како еден од лидерите на пазарот на пијалаци се можни само со зацврстување на нашата професионална и етичка култура.

Почитувањето и секојдневното спроведување на насоките од овај кодекс ќе ја потврди нашата успешна приказна на пазарот која трае од 1924 година и е темелена на висока професионалност, трудољубивост, одговорност и етички однос.

Претседател на Управен одбор и
Генерален директор
Сашко Самарџиоски



# 1 НАШИОТ КОДЕКС НА ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ



Во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, веруваме дека професионалното и етичко однесување е правилниот начин на деловно работење. Нашиот Кодекс е почетна точка и водич на сѐ што правиме.

Од секој од нас се очекува да ги прифати принципите на нашиот Кодекс и:

- Да покаже почит на работното место
- Да дејствува со интегритет на пазарот
- Да обезбеди етичко дејствување во нашите деловни активности
- Работата да ја извршува одговорно кон нашите акционери.

## 1.1 Одговорност за нашиот Кодекс

Нашиот Кодекс се однесува на сите вработени и влијае на секоја деловна одлука што ќе ја донесеме.

Нашиот Кодекс влијае на сите наши одлуки и активности, без разлика дали се во канцеларии, производни погони или магацини, во простории за состаноци, како и при продажба на производи на клиенти.

Нашиот Кодекс се однесува на сите вработени во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп (вклучително и вработени во нашите подружници) и членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп.

Управниот одбор во компанијата е одговорен за промовирање, следење и спроведување на нашиот Кодекс. Сепак, крајната одговорност за спроведување на нашиот Кодекс и одржување на културата на професионално и етичко однесување е на секој од нас поединечно.

## 1.2 Следете го нашиот Кодекс

Цела ваша работа мора да биде во согласност со нашиот Кодекс, нашите упатства и законите.

Нашата репутација за етичко и одговорно делување се гради со секојдневно донесување одлуки, од секој од нас. Нашиот Кодекс, заедно со останатите акти од нашата компанија, ги дава информациите што ви требаат за професионално и етички да ги извршувате вашите работни задачи.

Како реномирана компанија, Прилепска пиварница А.Д. Прилеп е посветена на тековното следење на законите, нивните измени и секојдневно врши адаптирање кон новите правни рамки со цел усогласено функционирање.

## 1.3 Бидете пример

Секој од нас, особено раководителите, мора да дејствува со интегритет и да поттикнува доверба.

Додека од сите вработени се очекува да постапуваат етички, секој раководител и лидер на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп има зголемена одговорност да предводи со својот пример. Очекуваме нашите директори, оперативни менаџери, шефови и раководители да служат како позитивни модели и да ги инспирираат другите да го прифатат нашиот Кодекс преку:

- наградување на интегритетот,
- поттикнување етичко однесување и донесување одлуки,
- создавање отворено работно опкружување во кое членовите на тимот се чувствуваат слободни да ги изразат своите размислувања,
- спречување одмазда против оние кои пријавуваат проблем,
- барање помош при појава на проблеми и нивно адвекватно решавање.

## 1.4 Побарајте совет и пријавете прекршоци

Ваша одговорност е да поставувате прашања и да изразувате загриженост кога ќе се појават проблеми со усогласеноста.

Кодексот, сам по себе, не може да ја опише секоја можна ситуација во која се наоѓате во вашата секојдневна работа. Ако не можете да го најдете одговорот во Кодексот или ако имате прашања како да го толкувате, побарајте совет. Исто така, ако сте свесни за нешто што може да претставува кршење на нашиот Кодекс, закон или други акти, мора да го презентирате проблемот и да пријавите за да може да се

реши. Постојат неколку канали преку кои можете да побарате совет или да поднесете пријава:

- Вашиот претпоставен раководител. Вашите раководители може да дадат совет поврзани со многу процеси за специфични работни места и работни процеси во компанијата, работни одговорности, проблеми со колегите, дисциплински спорови, можности за напредување и прашања поврзани со работната средина.
- Општ и правен сектор во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. За прашања во врска со реални или потенцијални прекршувања на Кодексот или законот, треба да го контактирате Општ и правен сектор. Некои примери на овие прашања вклучуваат:
  - Повреда на човековите права
  - Измама, кражба, мито и други практики на деловна корупција
  - Незаконска дискриминација или вознемирување
  - Актуелни или потенцијални судири на интереси
  - Упатства за какви било национални законски барања во врска со нашата компанија или вашата деловна активност

Покрај наведените начини, можете да поставувате прашања, да изразувате загриженост или да пријавувате сомнителни прекршувања на усогласеноста.

Доколку вашиот претпоставен бара да извршите задача за која сметате дека го прекршува нашиот кодекс или закон изразете ја вашата загриженост отворено и искрено до вашиот раководител. Ако не сте задоволни со одговорот на вашиот раководител или поради некоја друга причина не ви е пријатно да разговарате со него, поставете прашање до Општ и правен сектор. Никогаш не треба свесно да го прекршувате нашиот Кодекс, упатства или закон само затоа што вашиот раководител ве упатува на тоа.

## 1.5 Кога да барате совет

Ако чувствувате дека нешто не е во ред, тогаш запрашајте се:

- Дали сум сигурен дека ваквиот начин на дејствување е легален? Дали е во согласност со нашиот Кодекс и законите?
- Дали може да се смета за неморално или нечесно?
- Дали може да наштети на угледот на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп? Дали ја става нашата компанија во опасност? Дали тоа доведува до губење на кредибилитетот на нашата компанија?
- Дали може да наштети на други луѓе (вработените, клиенти, купувачи, инвеститори)?

Ако не сте сигурни во одговорот на кое било од овие прашања, треба да побарате дополнителен совет како да донесете правилна одлука.
Прилепска пиварница А.Д. Прилеп информациите и барањето ќе го третира како доверливо затоа што е важно што е пријавено, а не кој го прави тоа.

## 1.6 Без одмазда

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп се залага за заштита на правата на оние лица кои бараат совет или пријавуваат проблеми со добра намера. Нашата компанија нема да дозволи одмазда против лице кое со добра намера:

- Известува нешто што според него може да претставува кршење на нашиот Кодекс, упатства или закон,
- Поставува прашања за усогласеност или бара совет за одредена деловна практика, одлука или акција
- Соработува во истрагата на потенцијалните повреди

Одмазда против вработен кој информира за проблем со добра намера, само по себе претставува кршење на нашиот Кодекс.
Ако знаете или се сомневате дека се случила одмазда треба веднаш да ја пријавите.



# 2 ПОЧИТУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО

Важно е да ги почитуваме другите и да успееме заедно. Нашиот успех може да се постигне само кога кон сите се однесуваме со почит, во и надвор од нашата компанија. Почитувањето на работното место, заедно со индивидуалните квалитети и тимската работа е начинот на кој ќе ги постигнеме нашите цели.

## 2.1 Различности

Секој од нас мора да ги почитува различностите, талентите и способностите на другите.

Во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, ние ја дефинираме „различноста“ како сите единствени карактеристики што сочинуваат дел од нас: одлики на личноста, начин на живот, начини на размислување, работни искуства, етничка припадност, раса, боја на кожа, религија, пол, сексуална ориентација, брачен статус, возраст, национално потекло, попреченост или други разлики. Ние се стремиме да создаваме и одржуваме работно опкружување што ја поддржува силата на нашите разлики, опкружување кое го почитува придонесот на другите, негува атмосфера на отвореност, доверба, искреност и ја почитува разновидноста на талентите, способностите и искуствата.

## 2.2 Човекови права

Секогаш внимавајте на можните повреди на човековите права.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ја препознава важноста на одржување и унапредување на основните човекови права во нашиот целокупен бизнис. Нашиот Кодекс и деловните политики заеднички делуваат на поддржувањето на принципите содржани во Универзалната декларација за човекови права и актите на Меѓународната организација на трудот. Постулатите на нашите деловни политики:

- промовираат работни места без дискриминација и вознемирување
- забрануваат детски труд и забрануваат вработување или било какво ангажирање и без засновање на работен однос на лица помлади од 15 години. Прилепска пиварница А.Д. Прилеп води грижа за заштита на младите лица од економска експлоатација и од каква било работа која може да има штетно влијание врз нивната безбедност, здравјето, физичкиот, менталниот, моралниот или социјалниот развој или истата може да го загрози нивното образование.
- забрануваат присилна работа и трговија со луѓе. Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ги промовира основните човекови права,

включително и слободата на движење на работниците. Одлуките за вработување мора да се засноваат на слободен избор и нема да бидат присилни, или со физичко казнување и закани од насилство или други форми на физичко, сексуално, психолошко или вербално злоставување како метод на дисциплина или контрола. Договорите за вработување мора јасно да ги наведат условите за вработување и не смеат да го ограничуваат движењето на работниците со задржување на лични документи или други активности насочени кон спречување на работникот да го прекине работниот однос. Покрај тоа, од работниците не смее да се бара да платат за вработување, или да добијат или задржат вработување

- обезбедуваат хумани и безбедни услови за работа преку проактивно управување со здравствените и безбедносните ризици со цел спречување инциденти, повреди и болести при работа
- го препознаваат правото на вработените на слобода на здружување и колективно договарање
- го почитуваат работното време, паузите, дневниот, неделниот и годишниот одмор утврдени со закон, колективен договор и општи акти на работодавачот.

Очекуваме нашите добавувачи и деловни партнери да се придржуваат до овие основни принципи.

Секогаш преиспитувајте ги своите постапки за да бидете сигурни дека тие не кршат или негираат ниту едно од основните принципи на човековите права како што е наведено погоре. Ако се сомневате дека има повреда на човековите права во рамките на нашата деловна активност или синџирот на снабдување, пријавете го проблемот.

## 2.3 Борба против дискриминацијата

Секој од нас треба да добие можност да го искористи својот целосен потенцијал и да придонесе кон успехот на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. За да го постигнете ова, никогаш не треба да ги дискриминирате вработените или кандидатите за работа или да постапувате неправедно во работите што се однесуваат на вработување, обука, унапредување, плата, надомест на штета и слично.

Вашите одлуки во врска вработувањето на работници и кандидати секогаш мора да се засноваат на фактори поврзани со работата, без оглед на карактеристиките што не се поврзани со работата, како што се:

- Раса, боја на кожа, етничка припадност или националност

- Пол
- Сексуална ориентација
- Возраст
- Религија
- Попреченост
- Секој друг законски заштитен статус

Донесувањето одлуки за вработување врз основа на која било од овие лични карактеристики е спротивно на нашите упатства и е спротивно на закон. Вие секогаш мора да постапувате искрено и да им дадете на квалификуваните индивидуи шанса да ги развијат своите вештини и да напредуваат во рамките на нашата компанија во согласност со нивните сопствени способности.




## 2.4 Борба против вознемирување

Не смеете да ги вознемирувате другите на работно место.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп има за цел да обезбеди работно опкружување без вознемирување од било кој вид или навредливо однесување или непочитување. Нашата компанија делува во склад со сите закони, а нашиот Кодекс забранува вознемирување на работното место.

Вознемирувањето опфаќа непосакувано вербално, визуелно, физичко или друго однесување од било кој вид кое создава заплашување, навредливо или непријателско работно опкружување. Додека правната дефиниција варира зависно од надлежноста на органите, сметаме дека следната листа која не е целосна наведува значителен дел од неприфатливите однесувања:

- Сексуално вознемирување (сексуално наметнување, барање на сексуални услуги, сексуално ориентирани шеги, слики, текстуални пораки или пораки по e-mail, експлицитни или понижувачки коментари за изглед, приказ на сексуално сугестивни слики или порнографија),
- Навредливо изразување и несоодветни шеги,

- Расна, етничка, полова или религиозна клевета,
- Понижувачки коментари,
- Застрашувачки или заканувачки однос,
- Покажување непријателство кон другите поради одредени карактеристики

Никогаш не треба да делувате на нестрплив начин или на друг начин да ги доведете вашите колеги во ситуација да се чувствуваат непријатно на своето работно место.
Ако сте вие или некој друг предмет на дискриминација или вознемирување проблемот пријавете го во Општ и правен сектор.

## 2.5 Здравје и безбедност

Без оглед на тоа каде работите или што правите за нашата компанија, од вас се очекува да ја ставите безбедноста на прво место.
Посветени сме на зачувување на здравјето и безбедноста на вработените, посетителите, договарачите, купувачите и заедницата. Нашите правила и процедури се направени така да ни помогнат да работиме безбедно, како во нашите објекти така и на пазарот и на патиштата. Секогаш треба да го пренесете проблемот:

- Ако од вас се бара да извршите задача која не ја сметате за безбедна,
- Ако од вас се бара да извршите работа за која мислите дека не сте правилно обучен или која може да ви наштети вам или на некое друго лице,
- Ако видите дека некој извршува задача за која мислите дека не е безбедна и дека таа личност не е правилно обучена за тоа,
- Ако се сомневате дека возилото или дел од опремата не функционира правилно или може да биди небезбедна и слично

Сите ние мораме да инсистираме работните задачи да се извршуваат безбедно без оглед што е нашата работа.

## 2.6 Злоупотреба на супстанции

Не смеете да работите под дејство на алкохол или дрога.
Ако работите под дејство на алкохол или дрога, претставувате неприфатлив сигурносен ризик за себе и другите. Под дрога се подразбира и контролирани супстанци и злоупотреба на лекови на рецепт. Од вас се очекува да ги извршувате вашите обврски на работа без влијание на било која недозволена супстанца која може да го загрози извршувањето на работните задачи. Строго се забранува:

- Доаѓање на работно место под дејство на алкохол или консумирање на алкохол на работното место,
- Поседување, продавање, користење, пренесување и дистрибуција на илегални droги или контролирани супстанци на работа или на други локации каде се извршуваат работни задачи,
- Работа под дејство на злоупотребени лекови на рецепт или други лекови кои се во слободна продажба.

Компанијата може во секое време со соодветна опрема (мерач) по претходна пријава или по случаен избор да изврши контрола на вработените дали се под дејство на алкохол или друга недозволена супстанца.

Секој вработен со заснованјето работен однос потпишува изјава со која се запознава со забраната за користење на алкохол на работно место или доаѓање на работно место во алкохолизирана состојба. Прекршокот се санкционира со престанок на работниот однос. Дури и поседувањето, продавањето, користењето, пренесувањето и дистрибуцијата на илегални droги или контролирани супстанци надвор од работното место, во одредени законски случаи може да доведе до престанок на работниот однос.

Ако имате проблем со дрога или алкохол, ве охрабруваме да побарате стручна помош.

## 2.7 Борба против насилство

Никогаш не смеете да се заканувате на било кој или да покажувате насилно однесување на работното место.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп води политика на нулта толеранција за насилство на работно место. Забрането е учествување во било која акција која би можела да предизвика вработениот да се чувствува загрозено или несигурно. Ова вклучува вербални напади, закани или било какви други изрази на непријателство, агресија или малтретирање.

Нашата компанија забранува поседување оружје на работно место.

Не го одлагајте изнесувањето на проблемот и веднаш пријавете го проблемот на претпоставениот или во Општ и правен сектор (во случај на неопходност и на службата за обезбедување). Доколку сакате анонимно да го пријавите проблемот сторете го тоа писмено во сандачето за поплаки и предлози.

## 2.8 Код на облекување

Секаде каде што униформата како работна облека не е задолжителна, облекувањето треба да биде бизнис-ориентирано и соодветно. Од

вработените се очекува да ја зачуваат високата професионалност и при изборот на облеката. Секогаш треба да се има на памет дека со нашата појава, облека и однесување се претставуваме себе си, но и компанијата во која работиме.
Не се дозволени: екстремни фризури, пирсинг, премногу парфем, нападна шминка, кратки здолништа, бермуди, длабоки деколтеа, несоодветни обувки. Накитот кој го употребуваме треба да биде во што помала количина и ненападен. Доколку бидеме поканети за присуство на некој настан, прослава или коктел, или пак назначени од нашиот претпоставен да присуствуваме, потребно е да внимаваме на Кодот на облекување кој вообичаено е назначен на поканата за настанот.
Вработените кои користат заштитна и работна облека треба да се грижат со должно внимание, одржувајќи ја чиста и уредна, а во случај на оштетеност согласно процедурите од претпоставениот да побараат нова.Доколку вработениот ја напушти компанијата должен е да се раздолжи со облеката, а во спротивно одговара за предизвиканата штета.



# 3 ИНТЕГРИТЕТ НА НАШИОТ ПАЗАР

Сите субјекти на пазарот со кои доаѓаме во контакт мора да ги третираме праведно и со интегритет. Ова ги вклучува купувачите на нашите производи, клиентите кои продаваат наши производи, заедницата, како и нашите конкуренти и добавувачи.

## 3.1 Квалитет на производите

Никогаш не треба да правите компромис во врска квалитетот на производите.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп се залага за производство на висококвалитетни производи од сите наши брендови. Довербата на купувачите ја одржуваме со производство на врвни производи, почнувајќи од купувањето на суровини, па се додека готовиот производ не стигне во раката на потрошувачот. Посветени сме исто така на развој на нови производи на етички и одговорен начин и со примена на важечките етички стандарди и насоки.

Доколку сте вклучени во било кој аспект на развојот, ракувањето, пакувањето или складирањето на нашите производи од вас очекуваме да:

- Ги познавате стандардите на квалитет на производите, насоките и процедурите кои се применуваат на производите,
- Да ги следите постапките за производство и протоклите за тестирање,
- Да ги почитувате сите важечки закони и прописи за безбедност на храна.

Важно е секогаш да бидеме внимателни во ситуации кои би можеле да ги загрозат нашите производи. Ако забележите нешто кое може негативно да влијае на квалитетот на нашите производи, објекти и луѓе веднаш изнесете го проблемот и пријавете го.

## 3.2 Одговорен маркетинг

Ако се занимавате со маркетинг и продажба, секогаш одговорно претставувајте ги нашите производи

Нашите брендови ги користат илјадници луѓе секојдневно. Нашите маркетинг производи мора да ги одразуваат нашите компаниски високи етички стандарди и мора да бидат вистинити, разбирливи и во согласност со сите закони. Ако се занимавате со маркетинг и продажба, никогаш не треба да:

- Претерувате или потрешно да го претставувате квалитетот на нашите производи или пакувања,

- Во нашите реклами или на етикетите да користите наводи кои доведуваат до заблуда или се невистинити,
- Изнесувате тврдења за нашите производи, состојки на производите или ефекти по здрављето без адекватно образложение и соодветен правен основ.

Мора да обезбедите нашите маркетиншки програми да бидат во склад со важечките закони и прописи, како и важечките насоки на секторот.

## 3.3 Наши клиенти

Мора чесно да се однесуваме кон нашите клиенти.
Интегритетот на пазарот бара од секој нас да се однесува кон своите клиенти етички, чесно и согласно сите важечки закони. Кога соработувате со нашите клиенти, секогаш треба да:

- Ги претставувате нашите производи на чесен и искрен начин,
- Да избегнувате неправедни трговски постапки или постапки кои ќе го доведат клиентот во заблуда
- Да известувате јасно за нашите продажни програми
- Да ги исполнувате своите ветувања

Секој договор кој создава трошоците за продажба (промоции, отстапување рекламни материјали и слично) мора да биде во пишана форма согласно нашите насоки. Никогаш не треба да прифаќате потпишување на било какво спореден договор или било кој друг документ кој модификува или интерпретира постоечки договор со клиент без претходно разгледување од страна на Општ и правен сектор.

## 3.4 Наши добавувачи

Сите интеракции со нашите добавувачи мора да ги исполнуваат нашите високи етички стандарди.
Нашите добавувачи треба да се придржуваат на истите стандарди на интегритет на кои и ние се придржуваме. Неморално и незаконито делување на еден добавувач може да наштети на репутацијата на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп како компанија и може да доведе до нарушување на добриот углед во заедницата во која делуваме. Во наши добавувачи спаѓаат добавувачите на суровини, репроматеријали, услуги, консултантите, добавувачите на опрема и резервни делови и слично.
Ако сте одговорен за избор на добавувач својата одлука треба да ја донесете на основ на заслуга, квалитет на услуга и углед, цена и слично. При изборот на добавувач во пракса мора:

- Да се внимава на важечките процедури за понуда, преговарање и договарање,
- Да се преземат сите соодветни мерки на внимание за да се утврди дали добавувачот е легитимно претпријатие, со репутација за етичко однесување и интегритет, кој не е вклучен во незаконски активности,
- Избегавајте потенцијални судири на интереси со добавувачите.

## 3.5 Наши конкуренти

Секогаш натпреварувајте се почитувајќи ги важечките антимонополски закони и закони за конкуренција.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп е посветена на надминување на своите конкуренти правно и етички во рамките на системот на слободно претприемништво. Поради тоа:

- Никогаш не давајте коментари за производите или услугите на конкурентите на неточен или лажен начин,
- Користете само легитимни средства за добивање информации за конкурентите,
- Почитувајте ги правата од индустриска сопственост и доверливите податоци од нашите конкуренти и трети лица,
- Секогаш работете согласно антимонополските закони и законите за конкуренција.

Податоци за конкуренцијата може да се добијат на чесен и етички начин од јавно достапните извори како што се извештаи од медиуми, стручни списанија, годишни извештаи, интервјуа од лица на раководни позиции и слично.

Податоци од конкуренцијата никогаш не смее да се добиваат преку лажно претставување, кражби, кршење на приватност и слично.

Кога работите со конкурентите никогаш не смее да стапите во било каков договор било формален било неформален, усмен или писмен, како би се дефинирале цени или други услови за продажба, координирале понуди, распоредувале купувачи, продажни територии или производни линии, или било каква друга активност која би значела нарушување на важечките антимонополски закони или закони за конкуренција. Никогаш не треба да дискутирате за тие теми со конкурентите дури и на неформални средби.

Строго забрането е секакво споделување на чувствителни информации со конкуренцијата, на формални и неформални настани, а тоа се податоци околу продажбата, дистрибуцијата, маркетингот, договори со купувачи и добавувачи, технологијата и рецептури на производите, платите, ценовници на производите и други чувствителни податоци од

работењето на компанијата. Секое прекршување ќе биде санкционирано со отказ и барање на надомест за направената штета од страна на вработениот.
Ако се сомневате на повреда на правата од антимонополските закони и заштита на конкуренцијата веднаш пријавете во Општ и правен сектор.



# 4 НАШАТА ДЕЛОВНА ЕТИКА

Нашиот кодекс бара од секој нас да донесува етички деловни одлуки и да избегнува судир на интереси. Допуштањето корупција во нашите деловни активности во целост е спротивно на нашата посветеност за работење на исправен начин. Нашата посветеност на интегритетот се однесува на сите наши деловни односи и односи со претставници на државните органи.

## 4.1 Судир на интереси

Треба да избегнувате судир на вашите лични интереси и интересите на нашата компанија.

Политиката на компанијата во врска судирот на интереси е јасна – сите имаме обврска во секој момент од нашето делување да постапуваме во најдобар интерес на нашата компанија. Судир на интерес може да настане кога вие, ваш член на семејството или пријател:

- Учествува во активност која конкурира на интересите на нашата компанија,
- Допуштате вашите деловни одлуки да бидат под влијание на личните, семејните или пријателските интереси,
- Користите имот од компанијата, информации или ресурси за лични или корист на други лица,
- Имате можност и влијаете врз вработувањето или исплатата на член на семејството или друго блиско лице,
- Вие или член на вашето потесно семејство учествува во наградна игра организирана од компанијата спротивно на правилата за наградната игра,
- Имате работа надвор од компанијата која негативно влијае на вашата работа или ја доведува во прашање вашата одговорност во компанијата,
- Работите, пружате услуги, имате финансиски интерес или имате личен интерес од моменталниот или потенцијалниот добавувач, купувач или конкурент, или имате член на семејството кој го прави тоа.

„Член на семејството“ според кодексот опфаќа: спорug/а, партнер, родител, друго лице со кое сте во блиско сродство (брат, сестра, дете, дедо и баба, внуци и блиски роднини во странично сродство) како и било кое лице кое живее во вашето домаќинство. Секако дека судирот на интереси не е ограничен само на членови на семејството туку може да настане и со било кое друго лице кое ви е близок пријател или имате лични односи.

Потенцијалниот судир на интерес мора да биде пријавен во компанијата.
Судирот на интереси не претставува нужно и кршење на кодексот, но прикривањето на судирот е кршење на правилата.
Ако во било кој момент во своето работење имате судир на интерес имате обврска тој судир да го пријавите.
Тоа овозможува компанијата да ве посоветува за најдобриот начин како да го избегнете судирот на интереси и што е потребно да преземете со оглед на видот на судирот на интерес.
Пријавувањето на судирот на интерес се врши до претпоставениот во секторот и до Општ и правен сектор на маил pravnik@pripiv.com.mk кои одлучуваат за ваше изземање од одлучувањето и го доверуваат на лице кое нема судир на интереси.За да утврдите дали имате судир на интерес кој треба да биде обелоденет, треба да си ги поставите следните прашања:

- Дали моите надворешни интереси влијаат на мојата способност да донесам доследна деловна одлука?
- Дали имам корист од мојот ангажман во оваа ситуација? Дали некој мој член од семејството, некој пријател или роднина има корист од тоа?
- Може ли учеството во оваа активност негативно да влијае врз мојата способност да си ја извршувам мојата работа?
- Дали во оваа ситуација сопствените интереси ги ставам пред интересите на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп?
- Дали би ми било непријатно ако оваа ситуација се објави во јавност?

## 4.2 Борба против корупција

Вашите деловни одлуки не треба да бидат под влијание на корупција.
Корупнтивните ангажмани со купувачите, добавувачите, државните службеници или трети лица се најстрого забранети. „Корупцијата“ главно се однесува на добивање или обид со незаконски или непрописни средства да се оствари лична корист или предност во работењето. Корупцијата може да опфаќа уплата или размена на било што од вредност и во поширка смисла ги опфаќа следните активности:

- Подмитување (подмитување на државен службеник или комерцијално подмитување)
- Изнудување
- Уцена

Корупциските активности не се само кршење на Кодексот, туку може да бидат и сериозно кршење на казнените или граѓанските закони против

мито и корупција во многу земји. Доколку сте свесни за било каков корупциски ангажман или договор, веднаш изнесете го проблемот и пријавете го.

Сите вработени во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп мора да работат во согласност со законските прописи и не смеат во никој случај да понудат директно или индиректно било што од вредност (подарок или друга корист) на државен службеник како би:

- Добиле или задржале работа,
- влијаеле на деловна одлука или
- стекнат нечесна деловна предност
- Оваа забрана се однесува на нашето работење и на било кој кој делува од наше име, вклучително и нашите претставници, консултанти, добавувачи и договорни страни.

Најстрого се забранува барање поткуп од наши добавувачи за стекнување привилегирани позиции пред останатите добавувачи или добивање на некоја друга имотна или лична корист.

Доколку имате барање од службено лице за давање поткуп, мора да го одбиете плаќањето и барањето веднаш да го пријавите во Општ и правен сектор.

„Плаќања поради олеснувања“ со кои се врши плаќање на службени лица да се забрзаат одредени услуги, како што се издавање на дозвола или лиценца, пружање на комунални услуги како снабдување со вода, електрична енергија, управување со отпад и слично се најстрого забранети во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. Под службено лице, според Кривичниот законик на Република Македонија се смета:

а) претседателот на Република Македонија, поставените амбасадори и други претставници на Република Македонија во странство и именувани лица од претседателот на Република Македонија, избран или именуван функционер во и од Собранието на Република Македонија, во Владата на Република Македонија, во органите на државната управа, во судовите, Јавното обвинителство, Судскиот совет на Република Македонија, Советот на јавните обвинители на Република Македонија и други органи и организации што вршат определени стручни, управни и други работи во рамките на правата и должностите на Републиката, во единиците на локалната самоуправа, како и лица кои постојано или повремено вршат службена должност во овие органи и организаци;

б) државен службеник кој врши стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и управни работи во согласност со Уставот и со закон,

в) овластено лице во правно лице на кое со закон или со друг пропис донесен врз основа на закон му е доверено вршење на јавни овластувања, кога должноста ја врши во рамките на тие овластувања, како и овластено лице за застапување на здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации, спортски здруженија и други правни лица во областа на спортот,

г) лице кое врши определени службени должности врз основа на овластување дадено со закон или со други прописи донесени врз основа на закон,

д) воено лице кога се во прашање кривични дела кај кои како извршител е означено службено лице и

ѓ) претставник на странска држава или на меѓународна организација во Република Македонија.

## 4.3 Борба против перење пари

Ако се соменевате дека ваш клиент или добавувач е вклучен во недозволена активност веднаш пријавете.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп работи согласно сите закони кои забрануваат перење пари или финансирање незаконски или недопуштени активности. Перење пари е активност во која лице или група ги прикрива приходите од илегалните активности или се обидува илегално стекнатите средства да изгледаат легитимно.

Секогаш проверете дали соработувате со реномиран клиент, за легитимни деловни цели и со легитимни средства. Проверете дали постојат сомнителни барања од потенцијалниот купувач или добавувач за готовински плаќања или други необични плаќања. Ако се сомневате дека се работи за перење пари веднаш изнесете го проблемот пред законските застапници во компанијата и одговорните во Општ и правен сектор.

## 4.4 Контрола на меѓународна трговија

Ако сте вклучени во увоз или извоз на стока, мора да работите согласно трговските прописи.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп пренесува стока, услуги и технологии преку националните граници. Нашите деловни трансакции подлежат на различни санкции и контрола од трговските закони, вклучувајќи:

- Мерки на извозни контроли, трговски ограничувања, трговски ембарга, правно-економски санкции и бојкот воведени од страна на државата,

- Санкции на различни влади ширум светот кои ограничуваат активности на одредени земји, ентитети или поединци и слично.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп е посветена на осигурување дека сите деловни трансакции се обавуваат во потполна согласност со применливите санкции или трговски контроли и закони. Ако сте вклучени во пренос на стока или услуги преку националните граници во име на Прилепска пиварница АД Прилеп или нашите купувачи, мора да се придржувате кон овие закони без оглед каде се наоѓате. Секогаш консултирајте се со Општ и правен сектор за правилни насоки од оваа тема.

## 4.5 Политички активности

Прилепска пиварница како компанија се декларира како аполитична т.е. компанија која не е наклонета кон ниедна политичка партија.

Забрането е користење на ресурсите на компанијата за лични политички активности.

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп го почитува личното и неотуѓиво право на вработените да бидат политички активни. Меѓутоа не смее да се користат средствата или ресурсите на компанијата во политички активности и поддршка на политички кандидати или партии. Треба да се избегнуваат и ситуации кои предизвикуваат сомнеж или привид дека зад политичката активност на вработениот стои друштвото или дека зад личниот став на вработениот (посебно на лицата на управувачка позиција) стои компанијата.

Повремено Прилепска пиварница А.Д. Прилеп може да соопшти информации и ставови на компанијата во врска прашања од јавен интерес кои влијаат на нашата компанија. Овие објави не се наменети да вршат притисок врз вашето лично убедување и став или да подржувате одредена страна. Вашата одлука своето време и пари да ги намените за било која политичка активност се во целост лични и доброволни.

## 4.6 Деловни подароци

Деловните подароци мора да бидат законити, одобрени и прикладни.

Давањето или примањето подароци од купувачи или добавувачи бара од вас и вашиот претпоставен внимателен пристап. Пред било кој подарок да биде даден или примен, потребно е да утврдите дали тоа е дозволено согласно нашиот кодекс.

Забрането е давање, понудување или примање подароци кои служат, или така изгледа, непримерно да влијаат на деловната одлука или

неправедно да се стекне корист. Сепак под одредени услови може да се разменат деловни подароци, под услов:

- Подароците да се даваат со добра намера без било какво очекување нешто да се добие за возврат или да се оствари непримерна корист или деловна предност,
- се даваат отворено и транспарентно од име на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, а не од име на поединец,
- ако се оправдани во согласност со деловните обичаи и ако се даваат ретко и не создаваат привид на некоја неправилност,
- Подароците не се во готовина,
- Подарокот е дозволен на основ на закон кој се применува на примачот и давателот

Подароците кои ги даваме или примаме од добавувачите мора да имаат номинална вредност помала од 50 EUR или еквивалентен износ, освен доколку е добиено одобрение од Генералниот директор или Заменикот на генералниот директор. Чест пример се брендирани промотивни артикли, како што се маици, торби, чаши или подароци како гест на добра волја за претставување на брендот.

За деловните подароци кои се даваат на клиенти, вредноста на подарокот може да биде и повисока, но во тој случај мора да има одобрение од Генералниот директор или Заменикот на генерален директор.

Имајте предвид дека давањето податоци или понуди за подарок на вработени државни органи на надзор, инспекциски тела, владини претставници и слично може да биде противзаконска. Пред секој прием или понуда за подарок проверете во Општ и правен сектор дали постои евентуална законска забрана.

# 5 ОДГОВОРНОСТ КОН НАШИТЕ АКЦИОНЕРИ

Одговорниот и транспарентен однос е клучен за заштитата на правата на акционерите. Сите вработени создаваат вредност за нашите акционери така што ги ставаат на прво место интересите на нашата компанија, водат уредни деловни книги и правилно ги користат и штитат ресурсите, информациите и имотот на компанијата.

## 5.1 Уредни деловни книги

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп подржува само вистинита и искрена комуникација која се карактеризира со посветена точност во нашите книги и архива. Деловните книги вклучително и нашите финансиски извештаи, договори и слично[1], мора да бидат точни и да одразуваат транспарентно прикажување на фактите. Без оглед на типот на документи, па дури и во случај кога тоа изгледа безначајно, информацијата содржана во деловниот запис мора да биде секогаш вистинита и потполна.
Финансиската евиденција мора да даде слика на сите елементи од финансиската трансакција и настан. Исто така, сите трансакции мора да бидат извршени од овластено лице, извршени и регистрирани без оглед на висината на износот. Одговорни сте за точност на деловната евиденција и никогаш не треба да фалсификувате, изоставате, погрешно да наведувате, менувате или прикривате било каква информација или на друг начин погрешно да претставувате одреден факт или запис од друштвото.
Ако забележите некоја неточност во податоците на компанијата или неуспех во следењето на нашите процеси за интерна контрола, мора веднаш да го пријавите проблемот.

## 5.2 Јавни соопштенија

Нашите инвеститори и јавност имаат доверба во нашето друштво, а законот не обврзува прецизно да известуваме за работењето, приходите, расходите и нашата севкупна финансиска состојба. Соопштенијата и информациите кои ги споделуваме во нашата јавна комуникација, вклучително и оние кои се доставуваат согласно

[1] Сите документи или комуникации во хартиена или електронска форма кои се водат во текот на работењето. Ова се однесува на широк спектар на информации, вклучително: презентации, табели, документи и евиденции од книговодствена природа, картици за влез и излез од работа, евиденција на присуство, правни акти, поднесоци до државни органи, пописи на залихи, сметки, порачки, истражувања на пазарот, лабораториски тестови, инспекциски записници, извештаи од превоз, деловни планови особено планови за продажба, маркетинг стратегии, работни записници, техничка документација и слично.

законските прописи за работа со хартии од вредност, на берза и до други државни органи и тела, мора секогаш да бидат целосни, фер, точни, правовремени и разбирливи.
Ако сте вклучени од било кој аспект во подготовка на нашите финансиски извештаи, секогаш мора да ги следите финансиските правила, системот на интерна контрола и општоприфатените сметководствени стандарди.

## 5.3 Управување со евиденција

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп генерира голем број податоци и документи секој ден. Деловните книги со кои работите мора да се одржуваат, чуваат и уништуваат согласно сите правни барања за чувања и управувања со податоци. За управувањето да биде правилно потребно е:

- Да се следат сите насоки за управување со документи за сите видови податоци, датотеки, електронски податоци и е-пошти,
- Да се следат роковите за чување кои се специфицирани во правилата за архивско работење и интерните процедури,
- Да се следат упатствата за законско задржување на податоци

Треба да се консултирате со Општ и правен сектор доколку имате контректни прашања во врска периодот на чување на документите и начинот на управување. Уништувањето на документите мора биде согласно закон за да на се изложите на граѓанска и кривична одговорност.

## 5.4 Ревизија

Нашите ревизори бараат од вас целосна соработка. Во текот на вашиот работен однос во Прилепска пиварница АД Прилеп може да биде побарано од вас да соработувате со екстерните или интерните ревизори. Во тој случај се очекува ваша целосна соработка и чесна комуникација. Доколку добиете барање за документација или средба со ревизор,инспектор, контролор, полномошник и слично во врска некоја постапка или настан, должни сте веднаш да го контактирате Општ и правен сектор и целосно да го проследите писменото или усното барање како би добиле помош и инструкции.

## 5.5 Ресурси на компанијата

Ресурсите на компанијата вклучуваат физички имот, како што се објекти, материјал, опрема, машини, резервни делови, суровини, готов производ, возила и слично. Тие исто така вклучуваат и нематеријални средства како што се доверливите информации, интелектуалната

сопственост и информатичкиот систем. Ресурсите на компанијата треба да се користат само за легитимни деловни цели и да се заштитат од кражби, губење, оштетување или злоупотреба.
Обврската за заштита на средствата е посебно важна доколку сте лице кое е овластено за трошење, одобрување на трошоци и управување со сметката и буџетите. Должни сте да се однесувате штедливо и разумно.
Секогаш мора:
- Да обезбедите средствата правилно да се користат за нивната намена
- Да прибавите одобрение пред настанокот на трошокот
- Прецизно да ги евидентирате сите трошоци
- Да проверите дали трошоците кои се поднесуваат за исплата се однесуваат на работата, дали се правилно документирани и дали се во согласност со нашите насоки

Ако имате сознание дека ресурсите на компанијата се злоупотребуваат должни сте да го изнесите проблемот и да го пријавите. Компанијата може да донесе наредби со кои се врши превенција од злоупотреби на ресурсите (забрана за злоупотреба на доверените службени возила за приватни цели и слично).
Секое користење на имотот од компанијата за приватни цели, кое не е изричито одобрено од Генералниот и Заменикот Генерален директор е забрането и казниво.

## 5.6 Измама

Злоупотребувате ресурси на компанијата и вршите измама кога намерно прикривате, менувате, фалсификувате или изоставате информација за сопствена корист или за туѓа корист. Измамата може да биде мотивирана со цел да се добие некоја корист или да се избегнат негативни последици (дисциплинска казна). Пример:
- Менување податоци во производство како би се исполнила одредена продуктивност,
- Лажно пријавување време поминато на работа со цел добивање поголема заработка,
- Погрешно наведување на финансиски податоци во книгите на нашето друштво или архива,
- Плаќање лични трошоци со компаниски кредитна картичка,
- Користење на службени возила за лични потреби спротивно на забраната
- Склучување на договори без соодветно одобрение и слично.

- Доколку дојдете до сознание за вакво однесување должни сте да го пријавите.

## 5.7 Доверливи податоци

Во текот на работењето, може да дојдете до одредени доверливи податоци кои се однесуваат на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп или нејзините клиенти, добавувачи, деловни партнери или трети лица, а кои се третираат како доверливи, осетливи во врска конкуренцијата или сопственоста. Податоците нема да имаат третман на доверливи доколку Прилепска пиварница А.Д. Прилеп јавно ја има објавено информацијата.

Доверливи податоци опфаќаат информации кои не се наменети за јавноста, и кои доколку би биле непрописно објавени може да бидат корисни за конкуренцијата или штетни по Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, нашите добавувачи, клиенти или некои трети страни или да доведат до продажба или купување на акции од Прилепска пиварница А.Д. Прилеп.

Типични такви податоци се, необјавени приходи, расходи, профит, прогноза, деловни планови и стратегии, значајни реконструкции, потенцијални аквизиции, формули, цени, понуди, продажни информации, истражувања, развој на нови производи, необјавени маркетиншки и промотивни активности вклучително и планови за наградни игри, планови за значајни промени во управата и се останато што може да се квалификува како доверлив податок.

Секогаш преземајте ги сите неопходни мерки на внимателност за заштита на било која доверлива информација поврзана со Прилепска пиварница А.Д. Прилеп или друга компанија во која имате пристап. Не треба да откривате доверлива информација на било кој надвор од Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, дури ни на членовите на вашето семејство освен доколку објавувањето е:

- Согласно вашето овластување
- Во врска со јасно дефинирани и легитимни деловни потреби
- Согласно писмен договор за доверливост одобрен од Општ и правен сектор

Дури и во неформалната комуникација со фамилијата и пријателите, треба да бидете внимателни да не обелодените било која доверлива информација од нашата компанија.

Ништо од горе наведеното не забранува ваша комникација со државни органи поврзано со сомнеж за извршена повреда на законите особено во ситуации за сторено кривично дело.

Посебно е забранета злоупотребата на доверливи информации во прометот со хартии од вредност, која опфаќа споделување на доверливи информации кои инвеститорот би ги сметал за важни при донесување на одлука да купи или продаде одредени хартии од вредност.
Не треба да се тргува со хартии од вредност на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп или некоја друга компанија која соработува со Прилепска пиварница А.Д. Прилеп доколку поседувате материјал, необјавена информација за Прилепска пиварница А.Д. Прилеп или друга компанија, која претставува необјавена ценовно чувствителна информација.

## 5.8 Приватност

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп е посветена на почитување на важечките закони за заштита на приватноста при собирањето, ракувањето и користењето на личните податоци. Лични податоци се сите податоци кои се однесуваат на личност и преку кои може да се идентификува.
Ако имате пристап до овај вид на податоци или системи кои ги обработуваат, потребно е да се почитуваат сите важечки политики и закони во врска обработката на таквите податоци. При тоа мора:

- Исклучиво да пристапувате, собирате и користите лични податоци кои ви се потребни и за чие користење во деловните односи имате законска дозвола,
- Откриете лични податоци исклучиво на овластени лица кои имаат законски интерес да бидат запознати со податоците и кои имаат обврска да ги штитат,
- Безбедно да ги складирате, пренесувате и уништувате личните податоци во согласност со применливите политики и закони и
- Веднаш да го пријавите секое кршење или можна повреда на политиките на компанијата и законските прописи до Општ и правен сектор во компанијата.

Компанијата Прилепска пиварница А.Д. Прилеп може да собира лични податоци во врска со нашите вработени, собранието на акционери, управниот и надзорниот одбор, потрошувачите, добавувачите, изведувачите, учесници во наградни игри, корисниците и акционерите. Тие лични податоци мора да бидат заштитени цело време. Примери за лични податоци се, контакт податоци, како адреса на живеење, телефонски броеви, email адреси, идентификациони броеви, финансиски податоци како што се податоци од банки, информации за плата и други надоместоци, податоци за вработени и слично.

Доколку имате било какво прашање поврзано со принципите на приватност и тоа дали одреден тип на информација се смета за личен податок и дали евентуално е направена повреда, консултирајте се со Офицерот за заштита на лични податоци.

## 5.9 Надворешна комуникација

Ако претставници на медиумите, инвеститори или аналитички центри ви се обратат со прашање да разговаат со вас за работењето на компанијата немојте да давате никакви информации. Наместо тоа, на соговорниците треба љубезно да им објасните дека не сте овластени за разговор на таа тема и да ги упатите кон законските застапници на компанијата Генерален директор и Заменик на Генерален директор. Одговорни за комуникација со медиуми и јавни настапи се законските застапници на компанијата кои може за одредена тема да го овластат и одговорното лице на секторот (директор на сектор, оперативен менаџер, бренд менаџер или слично).
Исто така кога користите приватни медиуми (вклучително и социјални мрежи како facebook, Instagram и слично) треба да биде јасно дека не говорите од име на компанијата. Треба секогаш да:

- Ги преземете сите можни мери на внимателност како би се осигурале дека не откривате било која доверлива информација за компанијата или нејзините деловни партнери,
- Избегавате користење на на било кое лого или трговска марка од компнијата или трето лице без претходна писмена согласнот.

Пример, кога користите социјални мрежи, не треба да поставувате фотографии, слики или видео од нашите објекти, да не ги користете без дозвола логото на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, трговските марки или материјалите заштитени со авторски права, а во вашите дискусии на мрежите никогаш не оставајте впечаток дека ставовите кои ги изразувате се и корпоративни ставови.

## 5.10 Интелектуална сопственост

Нашата интелектуална сопственост е имот од непроценливо значење и мора во секое време да биде заштитена. Во интелектуална сопственост се вбројуваат трговските марки, дизајните, авторските права, патентите и трговските тајни. Никогаш не треба да дозволите трето лице да ги користи нашите трговски марки или друга интелектуална сопственост без соодветно одобрение или договор за лиценца кој е претходно одобрен од Општ и правен сектор. Освен тоа, нашите трговски марки никогаш не треба да бидат користени на понижувачки, клеветнички или друг навредлив начин.

Нашата интелектуална сопственост вклучува и производи од работата на вработените. Било кое дело кое сте го креирале, во целина или делумно, како вработени во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп во врска со важите должности или користејќи ги ресурсите, времето или информациите припаѓа на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. На пример, идеја, откритие, подобрување, процес, дизајн, софтвер или било кој друг материјал чие создавање е во врска со вашето работење во друштвото.
Истото веднаш треба да биде пријавено кај надредениот и во Општ и правен сектор со цел да се заштити како секоја друга интелектуална сопственост. Интелектуална сопственост на компанијата се и работи кои се изведуваат од трети страни, а се договорно регулирани (дизајни на етиките, рекламни спотови, веб страни, ИТ апликации и слично).

## 5.11 Заштита на животната средина

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп посветува грижа во однос на чувањето на животната средина, здравјето и заштитата на вработените.
Ние сме посветени во одржување на добрата практика на оптимално користење на ресурсите со што придонесуваме за зачувување на природата од загадување, што е од големо значење и со глобална важност.
Должни сме:

- Да работиме и да бидеме одговорни за човековата околина.
- Постојано да се унапредуваме во зачувувањето на околината.
- Да функционираме во согласност со законската регулатива почитувајќи ги и одредбите од интегрираните еколошки дозволи

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп како основач на колективен постапувач со отпад од пакување, посебен акцент става и на грижата за отпадот од пакување со активна партиципација во исполнувањето на законските цели.
Доколку забележите потенцијален ризик од нарушување на животната средина од каков било вид, посебно во однос на несоодветен третман на опасен отпад (моторни масла), несоодветно ракување со хемикалии, отпадни води, гасови, бучава, цврст отпад и слично, должни сте веднаш да го известите Управителот со отпад во Прилепска пиварница А.Д. Прилеп.

## 5.12 Е-пошта, Интернет и информатички систем

Нашиот систем на информатичка технологија се користи исклучиво за одобрените деловни цели. Вашето користење на овие системи мора да

биде во склад со стандардите за прифатливо користење. Повремено може да се користи телефонот, е-пошта и интернет за лична употреба, се додека таквото користење не:

- Одзема многу време или ресурси
- смета на вашиот работен учинок
- вклучува илегални, сексуално експлицитни, политички, дискриминаторски или други неприкладни материјали
- се однесува на деловни интереси надвор од компанијата
- крши закон или било кој правилник или стандард во компанијата.

Со цел заштита на информацискиот систем никогаш не смеете да:

- ги споделувате системските лозинки со било кое друго лице,
- го оставите вашиот лаптоп или друг уред без надзор додека патувате или изложен на место каде може лесно да биде украден,
- преземате неовластени или нелиценцирани софтвери на компјутерите сопственост на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп.

Ако се сомневате на повреда на податоците или ако сметате дека податоците се загрозени вклучувајќи и нивно губење, кражба, веднаш треба да пријавите во Сектор за информатичка технологија и во Општ и правен сектор.

# 6 СПРОВЕДУВАЊЕ НА КОДЕКСОТ

За спроведување на одредбите од Кодексот може да се консултирате или да пријавите можна повреда на кодексот во Општ и правен сектор, на телефонот 048 421 450 или на pravnik@pripiv.com.mk. Писмено може да не контактирате на адреса Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1 со назнака „До Општ и правен сектор“. Доколку сакате анонимно да го пријавите проблемот сторете го тоа писмено во сандачето за поплаки и предлози.

## 6.1 Истрага за можни повреди на кодексот

Сите пријави за сомнително однесување и повреди на Кодексот или законот ќе бидат веднаш и сериозно разгледани.
По добиените пријави Општ и правен сектор:

- Ќе делува објективно при утврдувањето на фактите преку интервјуа или преглед на документите,
- Ќе контактира со вработените кои се запознати со инцидентите,
- Ќе изрече корективни или дисциплински мерки кога е потребно.

Доколку тоа биде побарано од вас, должни сте да соработувате во спроведувањето на истрагите.

## 6.2 Мерки

Од вас се очекува да го следите кодексот и да делувате согласно нашите насоки и законските одредби. Ако го прекршите кодексот, компанијата ќе преземе соодветни мерки. Кршењето на одредбите од кодексот може да доведе до:

- Губење на правото на награден (стимулативен) дел од платата,
- Дисиплинска мерка која може во одредени случаи да значи и прекин на работниот однос зависно од природата на прекршокот,
- Други мерки согласни општите акти на компанијата и прописите од трудово право,
- Барање за надоместок на предизвиканата штета,
- Казнена санкција од страна на државните органи или судот во случај кога се работи за посериозна повреда на законот и слично.

## 6.3 Дополнување на Кодексот на професионално и етичко однесување

Надлежен орган за донесување и објавување на Кодексот на професионално и етичко однесување е Управниот одбор на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп. Кодексот стапува во сила сметано од 01.10.2020 година.

Кодексот е предмет на периодични анализи од страна на Општ и правен сектор и Управниот одбор и може да биде предмет на измени и дополнувања.

## 6.4 Објава на кодексот и запознавање на вработените

Прилепска пиварница А.Д. Прилеп ќе ги запознае своите вработени со правата и обврските од кодексот. Кодексот на професионално и етичко однесување и неговите измени и дополнувања ќе бидат објавени на огласната табла на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп, а примерок од кодексот ќе им биде поделен на секој вработен пред стапувањето во сила на кодексот или неговите измени. Кодекс ќе им биде поделен и на сите лица кои во иднина ќе засноваат работен однос во компанијата на денот на стапување на работа.

